ФАРМАЦЕВТСКА ИНДУСТРИЈА
ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС
Гоце Делчев бр.12; 2434 Ново Село; Република Северна Македонија

Претставништво Скопје 1000 Скопје Тел./факс.: 00 389 2 3215 800 Web: www.varumin.com.mk
Никола Вапцаров бр.20/7 Република Северна Македонија E-mail: varumin@t.mk Web: www.interevrogeneks.com

# ПОЛИТИКА ЗА ПРИВАТНОСТ НА ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС ДООЕЛ, НОВО СЕЛО

**Контролор:**

**ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС ДООЕЛ Ново Село**

**Ул. Гоце Делчев број 12 Ново Село - Струмица**

**Контакт: 034-355-334**

**Канцеларија за Управувачки дејности**

**Ул. Никола Вапцаров број 20/7 Скопје**

**Контакт: 02 23215-800**

**E-mail: varumin@t.mk**

ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС ДООЕЛ Ново Село посветува значително внимание на заштитата на личните податоци во секој сегмент од деловните процес, преку примената на стандардите утврдени со законските и со подзаконските прописи за заштита на личните податоци во Република Северна Македонија, како и со интернети акти на компанијата.

Оваа Политика за приватност објаснува како ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС ДООЕЛ Ново Село (во натамошниот текст ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС) како контролор ги обработува и заштитува Вашите лични податоци во контекст на деловната соработка или комуникација со нас доколку припаѓате на една од следните категории на субјекти:

-Деловни партнери, клиенти на ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС

-Посетители на имотот (производствениот погон) на ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС

-Лица кои дале согласнот за обработка на нивните лични податоци за вршење директен маркетинг и друга цел

-Пријавители на несакани рекации на лек

-оваа политика за приватност дава општи infромации за обработката на личните податоци кога ја посетувате нашата веб-страница (во натамошниот текст ,,страница,,).

-доколку аплицирате за вработување во ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС

Оваа политика за приватност е во согласност со Законот за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија, објавен во Службен весник број 42 од 16.02.2020 година.

При обработката на личните податоци, ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС во целост ги применува начелата пропишани во Законот за заштита на личните податоци и тоа:

Претставништво Скопје 1000 Скопје Тел./факс.: 00 389 2 3215 800 Web: www.varumin.com.mk
Никола Вапцаров бр.20/7 Република Северна Македонија E-mail: varumin@t.mk Web: www.interevrogeneks.com

- **Начело на законитост, правичност и транспарентност:** личните податоци на субјектите се обработуваат единствено во согласност со закон, во доволна мера и обем во поглед на целта за којашто се обработуваат, како и на транспарентен начин во однос на субјектот на личните податоци;
- **Начело на ограничување на целите:** личните податоците се собираат единствено за конкретни, јасни и легитимни цели и истите не се обработуваат на начин што е спротивен со тие цели;
- **Начело на минимален обем на податоците:** личните податоците коишто се собираат секогаш се соодветни, релевантни и ограничени во однос на целите за кои се обработуваат;
- **Начело на точност и ажурност:** при обработка, личните податоците, мора да се точни и доколку е потребно истите се ажурираат. Исто така, обезбедени се разумни мерки неточните лични податоци без одлагање се избришат или корегираат со земање во предвид на целта, за која тие се обработуваат. Овозможено е сите промени на личните податоци да биде документирано, односно забележано;
- **Начело на ограничување на рокот на чување:** личните податоците се чуваат во форма која овозможува идентификација на субјектите на личните податоци, не подолго од она што е потребно за целите поради кои се обработуваат, односно во роковите за чување кои се утврдени;
- **Начело на интегритет и доверливост:** личните податоците се обработуваат на начин којшто обезбедува соодветно ниво на безбедност на личните податоци, вклучувајќи заштита од неовластена или незаконска обработка, како и нивно случајно губење, уништување или оштетување со примена на соодветни технички или организациски мерки и
- **Начело на отчетност:** одговорност при спроведување на правилата за заштита на лични податоци и демонстрирање на усогласеност со законските прописи.

## 1. КАКО ГИ ОБРАБОТУВАМЕ ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ДОКОЛКУ СТЕ НАШИ ДЕЛОВНИ ПАРТНЕРИ ИЛИ КЛИЕНТИ?

### Кој е правниот основ за обработка на Вашите лични податоци?

Правен основ за обработка на Вашите лични податоци е исполнување на договор каде Вие се јавувате како договорна страна или преземање на активности на Ваше барање пред пристапување кон договор.

### За која цел ги обработуваме Вашите лични податоци?

Зависно од контекстот на соработка, ние може да ги обработуваме Вашите лични податоци за целите за планирање, извршување, управување и администрирање на договорниот однос со Вас, на пр. Исполнување на договор, барање за извршување на услугата од Вас согласно договорот кои би го имале со Вас, извршување на плаќањата или обезбедување на поддршка за која било друга цел, неопходна за извршување на нашите договорни обврски.

### Кои категории на лични податоци ги обработуваме за Вас?

Име и презиме, матичен број, адреса на живеење, телефонски и мобилен број, е-маил, број на трансакциска сметка и назив на банката.

Претставништво Скопје Никола Вапцаров бр.20/7
1000 Скопје Република Северна Македонија
Тел./факс.: 00 389 2 3215 800
E-mail: varumin@t.mk
Web: www.varumin.com.mk
Web: www.interevrogeneks.com

**Колку долго ги чуваме Вашите лични податоци?**

10 години од завршувањето на деловната соработка со Вас.

## 2. КАКО ГИ ОБРАБОТУВАМЕ ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ДОКОЛКУ СТЕ ПОСЕТИТЕЛИ НА ИМОТОТ (ПРОИЗВОДСТВЕНИОТ ПОГОН) НА ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС?

**Кој е правниот основ за обработка на Вашите лични податоци?**

Правен основ за обработка на Вашите лични податоци е легитимен интерес на ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС кој е утврден врз основа на спроведена анализа за легитимен интерес, како и изрична согласност за обработка на посебна категорија на лични податоци поврзани со физичкото здравје на лицето кое го посетува производствениот погон на ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС.

**За која цел ги обработуваме Вашите лични податоци?**

Вашите лични подтоци ги обработуваме заради спречување на влез на неовластени и неповикани лица, со цел да се обезбеди сигурност на целиот локалитет и објектите на ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС, безбедност на вработените, како и имотот и информациите кои се лоцирани и се чуваат во просториите на ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС.

**Кои категории на лични податоци ги обработуваме за Вас?**

Име и Презиме, Телефонски/мобилен број, адреса на живеење, податоци за Вашето физичко здравје наведени во прашалник.

**Колку долго ги чуваме Вашите лични податоци?**

1 година од посетата.

## 3. КАКО ГИ ОБРАБОТУВАМЕ ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ДОКОЛКУ СТЕ НИ ДАЛЕ СОГЛАСНОТ ЗА ВРШЕЊЕ ДИРЕКТЕН МАРКЕТИНГ ИЛИ ДРУГА ЦЕЛ?

**Кој е правниот основ за обработка на Вашите лични податоци?**

Правен основ за обработката на Вашите лични податоци е изјавата за согласнот за обработка за конкретна цел. Согласноста може да се повлече во кое било време. Повлекувањето на согласноста нема да влијае на податоците обработени пред повлекување на согласнота.

**За која цел ги обработуваме Вашите лични податоци?**

Вашите лични податоци ги обработуваме за цели вршење директен маркетинг, комерцијално истражување, планирање на работата, да Ви одговориме на Ваши прашања поврзани со нашите производи и услуги или за други цели за кои што сте дале согласност.

**Кои категории на лични податоци ги обработуваме за Вас?**

Во зависност од контекстот и целите заради кои се собираат личните податоци, може да ги обработуваме следните лични податоци:

-Контакт податоци (име, презиме, домашна адреса, е-маил, телефонски и мобилен број).

Претставништво Скопје 1000 Скопје Тел./факс.: 00 389 2 3215 800 Web: www.varumin.com.mk
Никола Вапцаров бр.20/7 Република Северна Македонија E-mail: varumin@t.mk Web: www.interevrogeneks.com

**Колку долго ги чуваме Вашите лични податоци?**

Личните податоци кои се собираат врз основа на Ваша согласност се обработуваат за времетраење на целите за кои е дадена согласноста или до повлекување на согласноста.

Согласноста може да се повлече во кое било време. Повлеквуањето на согласноста нема да влијае на податоците обработени пред повлеквуање на согласнота.

## 4. КАКО ГИ ОБРАБОТУВАМЕ ВАШИТЕ ПОДАТОЦИ ДОКОЛКУ СТЕ ПРИЈАВИТЕЛ НА НЕСАКАНИ РЕАКЦИИ ОД ЛЕКОВИ?

**Кој е правниот основ за обработка на Вашите лични податоци?**

Правен основ за обработка на Вашите лични податоци кога пријавувате несакани реакции од лекови е исполнување на законска обврска согласно Законот за лекови и медицинските помагала. Правилникот за начинот на пријавување, содржината на образецот за пријавување, содржината на образецот за пријавување на несаканите реакции на лековите и начинот на организација на системот на фармаковигиланца, како и согласно одредбите од Законот за заштита на лични податоци кои се однесуваат на посебни категории на лични податоци.

**За која цел ги обработуваме Вашите лични податоци?**

Вашите лични податоци што ги добиваме во врска со пријавите за несакани реакции на лек ги обработуваме исклучиво заради следење на несаканите реакции, така што секоја пријавена несакана реакција е соодветно документирана, проценета и пријавена во согласност со законските обврски, со цел идентификување и спречување несакани реакции или други ризици поврзани со употребата на лековите.

**Кои категории на лични податоци ги обработуваме за Вас?**

Име, презиме, телефонски број, адреса на електронската пошта, земја на живеење, датум на раѓање, пол, возраст и професија на субјектот што пополнува. Можно е да се соберат и слики/фотографии (поврзани со несакани реакции на лек) како и дополнителни лични податоци во врска со здравствената и медицинската историја на субјектот - корисникот на лекот - доколку е тоа потребно заради обработка на податоците за несакани ефекти, со цел исполнување на законски пропишаните обврски за фараковигиланца.

**Колку долго ги чуваме Вашите лични податоци?**

Најмалку 10 години по повлекувањето на лекот или медицинското помагало од пазарот или најмалку 10 години по престанокот на постоење на Системот за Фамаковигиланца.

## 5. КАКО ГИ ОБРАБОТУВАМЕ ВАШИТЕ ПОДАТОЦИ ДОКОЛКУ ЈА ПОСЕТУВАТЕ НАШАТА ВЕБ-СТРАНИЦА (во натамошниот текст „страница)?

**Кој е правниот основ за обработка на Вашите лични податоци?**

Ние ја почитуваме Вашата приватност и собираме, обработуваме и чуваме лични податоци законито, транспарентно и правично, во согласност со законските прописи и со правните основи утврдени во нив, односно: доколку обработката е потребна за исполнување на законски обврски или сте дале согласност за обработка на Вашите лични податоци, или обработката е потребна за целите на нашите легитимни интереси. Личните податоци ги

Претставништво Скопје 1000 Скопје Тел./факс.: 00 389 2 3215 800 Web: www.varumin.com.mk
Никола Вапцаров бр.20/7 Република Северна Македонија E-mail: varumin@t.mk Web: www.interevrogeneks.com

обработуваме со цел ефикасно обезбедување на бараната услуга, исполнување на законските обврски, пријавување на несаканите ефекти, испраќање известувања и најефикасен одоговр на Вашето барање. Притоа обработката е ограничена само на оние лични податоци што се неопходни за исполнување на целта заради која се обработуваат.

**За која цел ги обработуваме Вашите лични податоци?**

Собраните податоци може да бидат обработени за следниве цели:

-за да Ви ја обезбедиме бараната услуга, односно да Ви обезбедиме информации за нашите производи и услуги;

-за други цели за кои сте побарале, сте поставиле прашање или сте се согласиле, освен ако со закон не е предвидено поинаку;

-за да ја разгледаме можноста за нови вработувања доколку субектите се обратат или аплицираат за работа

-доколку контактирате или се поврзете со нас преку социјалните мрежи;

-пријава на неетичко однесување и други нерегуларнсоти или заради исполнување на законските обврски што ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС е должен да ги почитува и

**На кој начин ги собираме Вашите податоци?**

Во зависност од тоа како ќе изберете да комуницирате со нас, ние собираме разни видови податоци за Вас.

Понекогаш ни ги давате директно (на пр. кога ќе поставите прашање и сл.), а понекогаш добиваме податоци од веб-страници/апликации на трети страни (социјални мрежи).

Личните податоци што ги доставувате при користење на секцијата **,,Контактирајте не,,** се користат за цел да одговориме на Вашето прашање или барање или да размениме дополнителни податоци поврзани со барањето, со што овие податоци ги чуваме како референтни податоци во системите дизајнирани за управување со обезбедените информации.

ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС може да биде задолжен доставените податоци да ги проследи до надлежните органи доколку постои законска обврска за тоа. Вашите лични податоци нема да е користат за ниедна друга цел.

ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС ги користи податоците што ги добива во врска со **пријавите за несакани реакции на лек** исклучиво заради следење на несаканите реакции, така што секоја пријавена несакана реакција е соодветно документирана, проценета и пријавена во согласност со законските обврски, со цел идентификување и спречување несакани реакции или други ризици поврзани со употребата на лековите.

ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС може да ги проследи доставените податоци до надлежните органи во согласност со неговите законски обврски за фармаковигиланца.

Вашите лични податоци нема да се користат за ниедна друга цел.

Собираме податоци преку социјалните мрежи и платформи, преку содржината што самите ја креирате и споделувата со нас на социјалните мрежи и платформи на трети лица или доколку самите ја поставите на некоја од нашите страници или апликации, вклучително и употребата на апликациите на трети страни како што се Фејсбук и слично. Содржината може да вклучува фотографии, видеа, лични приказни или други слични содржини поврзани со

Претставништво Скопје 1000 Скопје Тел./факс.: 00 389 2 3215 800 Web: www.varumin.com.mk
Никола Вапцаров бр.20/7 Република Северна Македонија E-mail: varumin@t.mk Web: www.interevrogeneks.com

ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС и со производи на ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС, како и споделени вакви податоци со цел учество во организирани натпревари и во промотивни активности. За повеќе информации во врска со натпреваите и со другите промотивни активности видете ги официјалните правила за натпреварите и/или деталите објавни за секој натпревар/промотивна активност одделно. Запомнете дека сета содржина што ја објавувате на социјалните мрежи и платформи е достапна за јавноста, па затоа бидете внимателни кога споделувате лични податоци. Исто така, може да собере каков било личен податок што го споделувате јавно и што е дел од Вашиот профил и кои било дополнителни информации или активности што ги објавувате на социјалните мрежи и платформи. Наедно, собираме податоци за Вас секогаш кога комуницирате со нас преку социјалните мрежи и платформи, но и секогаш кога ја користите функцијата за социјално вмрежување, интегрирана на страниците на ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС. Обработката на Вашите лични податоци е доброволна и во секое време може да ја повлечете својата согласност за овие цели, со тоа што за подетални инфорамции видете во секцијата ,,Кои се Вашите права,,. За да дознаете повеќе како ги добива ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС Вашите податоци од социјалните мрежи на трети страни или да изберете да не споделувате информации од социјалните мрежи, прочитајте ја политиката за приватност на соодветната социјална мрежа и платформа.

**Кои категории на лични податоци ги обработуаме за Вас?**

Може да ја користите нашата страница без да ги откриете своите лични податоци. Немате обврска да ги откривате своите лични податоци како услов за користење на нашата страница, освен ако доброволно не доставите податоци или ако користите еден од достапните обрасци за одредена цел.

Бидејќи целосно го почитуваме принципот на минимален обем на податоци, ги собираме само оние податоци што се неопходни, релевантни и ограничен на потребите за кои се обработуваат.

Секогаш кога ќе ја посетите нашата страница, нашиот веб-сервер привремено ги регистрира Вашата IP-адреса, типот на прелиствувач, времето на посета и линкот до посетената страница.

Видовите лични податоци што ги собираме зависат од категориите на испитаниците и од активностите на обработка.

Преку секцијата **,,Контактирате не,,:**

**-**собираме име, презиме, адреса на електронската пошта. Исто така, можно е да се соберат дополнителни лични податоци во врска со здравствената и медицинската историја на субјектот - корисникот на лекот - доколку е тоа потребно заради обработката на податоците за несакани ефекти, со цел исполнување на законски пропишаните обврски за фармаковигиланца.

-собираме име, презиме, адреса на електронската пошта и други податоци, кои ни ги доставувате со кратката биографија (CV).

-собираме име, презиме, адреса на електронска пошта и други податоци поврзани со Вашето барање. Личните податоци што ни ги доставувате во врска со Вашето барање може да се користат само за да одговориме на прашањето, како и за размена на дополнителни информации во врска со барањето.

**Социјални мрежи и платформи -** може да собереме податоци преку содржината што сами ја креирате и ја споделувате со нас на социјалните мрежи и платформи од трети лица или доколку сами ја поставите на некоја од нашите страници или апликации, вклучително и

Претставништво Скопје 1000 Скопје Тел./факс.: 00 389 2 3215 800 Web: www.varumin.com.mk
Никола Вапцаров бр.20/7 Република Северна Македонија E-mail: varumin@t.mk Web: www.interevrogeneks.com

употреба на апликациите или на платформите на трети страни, како што се: Фејсбук, Инстаграм и сл. Содржината може да вклучува фотографии, видеа, лични приказни ии други слични содржини поврзани со ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС или со производи на ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС, како и споделени вакви податоци со цел учество во организирани натпревари и промоции. Може да собереме каква било информација која Вие ја споделувате јавно и која е дел од Вашиот профил (на пр. име, адреса на електронска пошта, пол, роденден, град во кој живеете, слика и сл.) и кои било дополнителни информации или активности кои ги објавувате на социјалните мрежи и платформи, а со цел да обезбедиме информации за користењето на нашите производи и услуги, да ни помогне подобро да ги разбереме Вашите потреби и очекувања, а со тоа да ги подобриме нашите услуги и производи, како и да креираме соодветна промотивна содржина. Наедно, ги собираме Вашите лични податои и други информации што се пторебни заради учество на наградни натпреварувања и за други промотивни активности. Во овој случај собраните податоци се користат исклучиво заради спроведување наградни натпреварувања и заради други промотивни активности и нема да се користат за ниедна друга цел.

**Како ги чуваме Вашите лични податоци?**

ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС ги презема сите технички и организациски мерки за обезбедување највисоко ниво на тајност и на заштита на обработката на Вашите лични податоци со кои располага, заради спречување неовластен пристап, неовластено откривање или евентуална злоупотрба на нив. Пристапот до Вашите лични податоци е ограничен на оние вработени за кои сметаме дека имаат реална потреба да дојдат во контакт со тие податоци заради остварување на целта за која се дадени.

Не споделуваме податоци за Вас и/или за вашата посета на нашата страница со трети лица, освен во случај на ангажирање даватели на услуги, доколку ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС ги ангажира како обработувачи, со што ќе бидат обврзани да постапуваат според упатствата на ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС и да обезбедат заштита на личните податоци што се обработуваат при обезбедување на тие услуги, во согласност со апликативните законски прописи за заштита на личните податоци.

Ниту ние, ниту нашите партнери нема да ги пренесеме Вашите лични податоци на трети страни во каква било форма, освен ако не добиеме Ваша согласност или ако сме законски обврзани да го сториме тоа. ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС задржува контрола над употребата на овие податоци.

**Колку долго ги чуваме Вашите лични податоци?**

Вашите податоци ќе се чуваат само онолку колку што е потребно за да се исполнат сите горенаведени цели. Вашите лични податоци нема да е чуваат во форма што дозволува да бидете идентификувани подолго отколку што е потребно да за да се постигне целта за која се собрани или обработувани.

ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС чува одредени лични податоци во согласност со временските рокови пропишани со закон или со интерните акти на компанијата и само во траење кое е потребно за остварување на целта заради која се собрани.

Доколку сте дале согласност, ние ќе ги обработуваме Вашите лични податоци се додека не ја повлечете согласноста. Кога ќе се исполни целта заради која се обработуваат личните податоци на субјектот, тие ќе бидат избришани и во случај кога субјектот не побарал повлекување на дадената согласност. Доколку направите основан приговор за обработка на личните податоци, заснован на легитимен интерес, ние нема да ги обработуваме Вашите лични податоци во иднина. Доколку се поведат судски, администртивни или вонсудски

Претставништво Скопје 1000 Скопје Тел./факс.: 00 389 2 3215 800 Web: www.varumin.com.mk
Никола Вапцаров бр.20/7 Република Северна Македонија E-mail: varumin@t.mk Web: www.interevrogeneks.com

постапки, личните податоци, може да се чуваат до крајот на таквата постапка, вклучувајќи го и можниот период за поднесување правни лекови.

## 6. КАКО ГИ ОБРАБОТУВАМЕ ВАШИТЕ ПОДАТОЦИ ДОКОЛКУ АПЛИЦИРАТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС?

### Кој е правниот основ за обработка на Вашите лични податоци?

Ние ја почитуваме Вашата приватност и собираме, обработуаме и чуваме лични податоци законито, транспарентно и правично, во согласност со законските начела и со правните основи утврдени во нив.

- Кога аплицирате за вработување врз основа на објавен оглас за конкретна работна позиција, правен основ за обработка на Вашите лични податоци е Законот за работни односи.

### За која цел ги обработуваме Вашите лични податоци?

Вашите лични податоци може да ги обработуваме за следниве цели:

- Евалуација и избор на кандидати врз основа на објавен оглас со цел да ги процениме Вашите квалификации и соодветност за работната позиција за која аплицирате;
- Комуникацијата со Вас, поврзана со процесите на интервјуирање и селекција на кандидати за пополнување на работни места;
- Водење евиденција поврзана со процесите на евалуација и селекција на кандидати за вработување;

### Кои категории на лични податоци ги обработуваме за Вас?

Преку Вашата апликација за вработување ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС може да ги обработува:

- Податоците содржани во Вашата кратка биографија (CV);
- Податоците што сами ги внесувате кога ја пополнувате секцијата ,,**Контактирајте не**,, или испраќате порака преку електронската адреса;

Кога аплицирате за вработување ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС може да ги обработува следниве категории на лични податоци:

- **Податоци за Ваша идентификација**: име и презиме, пол, место и датум на раѓање, државјанство;
- **Контакт податоци**: домашна адреса, телефонски/мобилен број и е-маил адреса;
- **Податоци за образование и други квалификации** - степен и вид на завршено образование, познавање на јазици, работно искуство, обуки за време на вработување, професија, копија од дипломи и други сертификати и сл.
- **Други информации** - други податоци што ќе изберете да ги споделите со нас во Вашето CV (кратка биографија) што го доставувате при аплицирање за вработување.

Претставништво Скопје 1000 Скопје Тел./факс.: 00 389 2 3215 800 Web: www.varumin.com.mk
Никола Вапцаров бр.20/7 Република Северна Македонија E-mail: varumin@t.mk Web: www.interevrogeneks.com

**Колку долго ги чуваме Вашите лични податоци?**

Доколку аплицирате за вработување во ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС, врз основа на објавен оглас за конкрента работна позиција, Вашите лични податоци ги чуваме во согласност со роковите пропишани со закон, односно доколку не сте избрани на конкретниот оглас, истите ги бришеме во рок од 5 работни дена од денот на склучувањето на договорот за вработување со избраниот кандидат.

**Кој има пристап до Вашите лични податоци?**

Со цел да се постигне целта за која се дадени личните податоци, пристапот до Вашите лични податоци е ограничен на:

- Вработени во ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС кои согласно своите работни задачи имаат реална потреба да пристапат до тие податоци заради остварување на целта за која се обработуваат;
- Правни застапници заради спроведување на правни постапки.

**Како ги чуваме Вашите лични податоци?**

Ние се грижиме да бидат преземени сите технички, организациски и процедурални мерки за обезбедување на највисоко ниво на тајност и заштита на обработката на Вашите лични податоци, со цел спречување неовластен пристап, неовластено откривање или евентуална злоупотреба на истите.

Овие заштитни мерки вклучуваат спроведување на спеицифични технологии и процедури дизајнирани да ја заштитат Вашата приватност.

## 7. КОЈ ИМА ПРИСТАП ДО ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ИЛИ КОИ КАТЕГОРИИ НА КОРИСНИЦИ?

Во зависност од категоријата на субјекти на која припаѓате, а со цел да се постигне целта за која се дадени личните податоци, пристапот до Вашите лични податоци е ограничен на:

-вработени во ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС кои имаат реална потреба да дојдат во контакт со тие податоци заради остварување на целта за која се дадени;

-банакрски институции со цел да се изврши исплата;

-надлежни државни органи во Република Северна Македонија или други надлежни тела во ЕУ и надвор од ЕУ (вклучително и регулаторни тела) до кои ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС е должен да ги достави Вашите лични податоци, а се заснова на законска обврска што произлегува од важечките законски прописи или врз основа на барање од суд или друго официјално барање засновано на закон;

-Одредени друштва од Република Северна Македонија и во Европската унија ангажирани од страна на ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС со цел изведување придружни/помошни активности за обработка на податоците, при што секое вакво друштво е обврзано договорно од страна на ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС да ја заштити тајноста на податоците и да постапува според упатствата на ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС и во согласност со важечките законски прописи за заштита на личните податоци. Друштвото се грижи за доверливоста и обврската за чување

Претставништво Скопје 1000 Скопје Тел./факс.: 00 389 2 3215 800 Web: www.varumin.com.mk
Никола Вапцаров бр.20/7 Република Северна Македонија E-mail: varumin@t.mk Web: www.interevrogeneks.com

на деловна тајна. Доколку друштвото ги обработува Вашите лични податоци врз основа на Ваша согласност, повлекувањето на согласноста ќе се примени и на наведените друштва;

-во одредени ситуации заради спроведување на регулаторни постапки утврдени со закон надовор од Република Северна Македонија (регистрација на лекот), пристап до Вашите лични податоци може да имаат наши деловни партнери во рамките на дозволено со законот. Личните податоци може да се пренесат во земја членка на ЕУ или ЕЕП - Европски Економски Простор, како и земји надвор од ЕУ доколку преносот е неопходен поради причини од јавен интерес, односно заради спроведување на на регулаторни постапки (регистрација на лекот) во одредена земја;

-правни застапници заради спроведување на правни постапки;

**8. КОИ СЕ ВАШИТЕ ПРАВА?**

ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС гарантира остварување на сите Ваши законски права во врска со обработката на Вашите лични податоци. Вие во секој момент имате право да побарате од ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС:

-**право на пристап** - право да поднесете барање за пристап до своите лични податоци, односно да добиете информација за податоците што се обработуваат за Вас и да проверите дали се тие точни и ажурирани;

-**право на исправка** - доколку откриете дека Вашите лични податоци што ги обработува ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС не се точни или не се целосни, имате право да побарате нивна исправка;

-**право на бришење** - право да побарате од ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС да ги избрише Вашите лични податоци под одредени услови утврдени со закон;

-**право на ограничување на обработката** - право да побарате ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС да ја ограничи обработката на Вашите лични податоци под одредени услови утврдени со закон;

-**преносливост на податоците** - право да ги добиете своите лични податоци во структуриран, вообичаено користен и машински читлив формат и да ги пренесете на друг обработувач, без попречување од ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС;

-**право на приговор** - право на приговор врз основа на конкретна ситуација доколку обработката на Вашите лични пдоатоци се заснова на легитимен интерес или се врши за цели на директен маркетинг и за профилирање поврзано со директен маркетинг, под одредени услови утврдени со закон и

-**право на повлекување на согласноста** - имате право да ја повлечете својата согласност за користење на Вашите лични податоци во секое време. Повлекувањето на согласноста не влијае врз законитоста на обработката, врз основа на согласноста пред нејзиното повлекување.

Доколку сакате да ги остварите горенаведените права што произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци, Ве молиме контактирајте го Офицерот за заштита на личните податоци на следната електронска пошта: ilija@interevrogeneks.com, или на телефонскиот број 02/3215-800 или со праќање на писмо до ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС со назнака за Офицерот за заштита на личните податоци ул. Никола Вапцаров број 20/7 Скопје, Република Северна Макеоднија.

Претставништво Скопје 1000 Скопје Тел./факс.: 00 389 2 3215 800 Web: www.varumin.com.mk
Никола Вапцаров бр.20/7 Република Северна Македонија E-mail: varumin@t.mk Web: www.interevrogeneks.com

Исто така во секое време доколку имате дополнителни прашања може да ни се обратите на погоренаведените адреси.

Со цел да Ви го дадеме потребниот одговор, Ве молиме да ги наведете следниве информации:

-име на веб-страницата на која се повикувате;

-ваша врска и интеракција со нас и

-опис на барањето/информациите што би сакале да го/ги добиете од нас.

Доколку сметате дека обаботката на Вашите лични податоци од страна на ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС не е во согласност со одредбите на Законот за заштита на личните податои или пак доколку сметате дека е повредено некое Ваше право за заштита на личните податоци, имате право да поднесете барање за утврдување на прекршувањето на прописите за заштита на личните податоци преку Агенцијата за заштита на личните податоци.

## 9. ПРОМЕНИ ВО УСЛОВИТЕ ЗА УПОТРЕБА НА ПОЛИТИКАТА ЗА ПРИВАТНОСТ

Политиката за приватност повремено може да се менува.

ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС ќе постави ажурирана верзија на политиката за приватност на оваа страница.

Датум на последната измена 01.11.2021 година.